**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5458/2
01.12.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), иметелот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5458/1 од 21.11.2025 година, поднесено од [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5458/1 од 21.11.2025 година, поднесено од [redacted], со кое се бара информација од јавен карактер:

Пречистен текст на одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територија на Општина Велес донесени на седници на Општина Велес на ден 29.03.2018 година број 25-1663/5 од 30.03.2018 година и седница од 23.02.2023 година број 251145од 24.02.2023 година

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај иматeлот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Во прилог на Решението Ви ја доставуваме Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес со број 25-1145/5 од 24.02.2023 година и Службен гласник на Општина Велес број 5 од 04 април 2018 година.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*